# СТАТУТ
# НА
# ФОРУМ ЗА РАЗУМНИ ПОЛИТИКИ

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

**ФОРУМ ЗА РАЗУМНИ ПОЛИТИКИ** е невладино, непартиско и непрофитно здружение на граѓани, кое се занимава со креирање на политики, нивно промовирање преку дискусии и дебати со цел да се поттикне имплементирање на тие политики, а во функција на демократизација на општеството и одржлив економски и социјален развој на Република Македонија.

### Член 2

Назив на здружението е: **ФОРУМ ЗА РАЗУМНИ ПОЛИТИКИ**.

### Член 3

Седиште на здружението е во Скопје на ул.Наум Наумовски- Борче бр.68/7.
Здружението делува на територијата на Република Македонија.

### Член 4

Здружението има својство на правно лице и е запишано во регистарот на невладини организации (здруженија и фондации) во Централниот регистар на Република Македонија.

### Член 5

Симболот на здружението е стилизиран правоаголник.

### Член 6

Здружението има свој печат во кружна форма со дијаметар согласно законот, со следниот текст: ФОРУМ ЗА РАЗУМНИ ПОЛИТИКИ.
Текстот е испишан на македонски јазик со кирилично писмо.

### Член 7

Штембилот на здружението е со димензии согласно законот и истиот содржи:

- текст: ФОРУМ ЗА РАЗУМНИ ПОЛИТИКИ
- пред текстот се наоѓа симболот на здружението
- простор за број, датум и место.

**НАЧЕЛА НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 8**

Здружението своето работење го заснова на следните начела:
1. законитост на актите
2. јавност и непосредност
3. изборност при одлучување и менливост
4. рационалност при извршување на административните работи

Здружението е единствено, неполитичко, непрофитно, независно и самостојно здружение на граѓани.
Работата на здружението е јавна.

**Член 9**

Јавноста при работата ќе се остварува преку публикување на повремените печатени материјали и известувања преку средствата за јавно информирање и преку интернет, како за членовите така и за сите заинтересирани за работата на здружението.
Не е дозволено политичко организирање во здружението.
Основен извор на правата за работа на Здружението се: Статутот и други акти донесени врз основа на него, Законите и Уставот на Р. Македонија. Здружението самостојно ги уредува внатрешните односи, како и односите на внатрешен и меѓународен план под услов и начин утврден со Закон.

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО:**

**Член 10**

Цели на здружението се:
- Поттикнување на демократизацијата на општеството и постигнување на одржлив економски и социјален развој.
- Стручна анализа на општествено-економските процеси во Република Македонија и регионот на Југоисточна Европа.
- Поддршка на процесот на европеизација на Република Мкедонија
- Промовирање на отворено, партиципативно и инклузивно носење на одлуки на национално и локално ниво
- Унапредување на статусот и афирмација на општествената положба на младите

Своите цели здружението ги остварува преку:

- Аналитичка дејност во областа која ја покрива неговата работа
- Работа и развивање на проекти и активности во областа на делување на здружението и во поодделните сегменти на општественоиот и економскиот развој. Погоре наведеното вклучува и проекти и активности од областа на науката, уметноста, културата, медиумите, образованието, здравството, информатиката, менаџментот, консалтингот, социјално-хуманитарни цели, правото, спортот и слично.
- Активностите на здружението ќе генерираат практично применливи политики и истражувања на јавното мислење.
- Организација на тренинг курсеви, семинари, работилници, тркалезни маси, конференции и други форми на дебата и обука
- Соработки и советувања во конкретни и поединечни случаи и ситуации по барање на физички и правни лица, членови на Здружението, надворешни соработници, донатори и други интересенти
- Изготвување и издавање на публикации во печатена и/или електронска форма
- Користење на нови технологии, онлајн апликации и веб алатки

**Член 11**

Здружението може да воспоставува и меѓународна соработка со слични домашни здруженија и организации од странство, согласно со позитивните домашни и меѓународни норми.
Здружението може да формира и регионални мрежи со слични здруженија од странство, а може и да членува во веќе постоечките.
Форумот за разумни политики, за подобро и поквалитетно остварување на своите цели, може да користи и обезбеди стручна поддршка од релеватни надворешни експерти од областа на своето делување.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 12**

Член на здружението може да бидат секој граѓанин на Р. Македонија кој доброволно ќе пристапи кон здружението и кој ќе ги прифати целите и задачите на здружението наведени во овој Статут како и методите на остварување на истите, без оглед на неговата расна, национална или верска припадност или политичка определба.
Во здружението можат да членуваат и партиципираат и правни лица регистрирани на територијата на републиката како и физички и правни лица кои не се државјани на РМ под услов и на начин предвиден со закон.
Зачленувањето се врши со пристапница.
За прием во членство во здружението одлучува Извршниот одбор на здружението.

**Член 13**

Членовите на Здружението имаат права и обврски согласно со одредбите на овој
Статут и позитивните законски прописи.
Членовите на здружението активно учествуваат во спроведување и остварување на програмските цели и определби на здружението, а особено:
- можат да учествуваат во одлучувачки и административни активности на здружението.
- имаат обврска редовно да плаќаат членарина.
- можат да ги користат привилегиите кои произлегуваат од одлуките на здружението
- можат да бидат избирани и да избираат.

**Член 14**

Членството во здружението може да престане:
- со писмена изјава на членот дека истапува од здружението.
- со исклучување ако членот не се придржува кон одредбите на Статутот и другите акти, а по одлука на Извршниот одбор.

Здружението за своите членови води регистар, кој се ажурира еднаш годишно.

## ИМОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 15**

Здружението може да стекнува имот на начин и под услови предвидени во овој
Статут како и согласно позитивните законски прописи.
Средствата за работа на здружението можат да се обезбедат преку: членарина, донации, грантови, подароци, прилози, спонзорства и од приходи од стручни и други активности на здружението.
Здружението може да остварува приходи и од добивката на друштвата со ограничена одговорност и акционерските друштва кои ќе се основаат со средствата на здружението и од други извори.
Здружението може да добива средства од буџетот на РМ, буџетите на единиците на локална самоуправа и буџетот на град Скопје, согласно со одредбите на Законот.

**Член 16**

Сопственоста на Здружението се состои од движен и недвижен имот, истата е неприкосновена и служи исклучиво за негови потреби, програмски определби и цели.
Извршниот одбор води евиденција за движниот и недвижниот имот на здружението на територијата на Р. Македонија, како и надвор од неа.
Со средствата располага извршниот одбор и истите ги користи за остварување на целите и задачите на здружението.

**Член 17**

Висината на членарината ја утврдува Извршниот одбор со посебна одлука. Начинот на материјално финансиско работење како и плаќањата ќе се вршат на начин утврден со закон.
Здружението има свој буџет.

**Член 18**

Здружението за своите обврски во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот и сите свои средства.
Здружението не може да врши стопанска дејност, но може да основа друштво со ограничена одговорност и акционерски друштва за остварување на нивните цели, интереси и активности утврдени со статутот.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 19**

Работата на здружението е јавна.
За работата и активностите на здружението јавноста се информира преку веб страната на здружението, преку прес конференции или преку печатените или електронските материјали коишто ќе бидат објавени и дистрибуирани.

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ

**Член 20**

Здружението има свои органи:
- Собрание
- Извршен одбор
- Надзорен одбор
- Претседател

### А) Собрание

**Член 21**

Собранието на Форумот за разумни политики:

- донесува статут, програма и други акти
- усвојува годишен извештај, насоки и план за работа
- усвојува завршна сметка и финансиски план
- одлучува за промена на целите на здружувањето
- избира органи на здружението
- избира претседател на здружението

- одлучува за оттуѓување на имотот на здружението
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство
- одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите тела на здружението и
- врши и други работи во согласност со статутот и општите акти на здружението.

**Член 22**

Седниците на Собранието ги свикува најмалку еднаш годишно Претседателот на здружението по лично наоѓање или по иницијатива од Извршниот одбор, Надзорниот одбор или најмалку 1/5 од вкупниот број на членови на здружението.
Ако претседателот на здружението во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува извршниот орган или основачите на здружението.
За полноважна работа на Собранието потребно е присуство на просто мнозинство од членовите, а одлуките се донесуваат со јавно гласање по принципот еден член еден глас, со мнозинство гласови од присутните, освен ако не е поинаку предвидено со актите на здружението.
Присуството на Претседателот на Здружението или на лице кое го заменува на седницата на Собранието е задолжително.
Членовите на собранието за седницата се известуваат преку електронска пошта.

**Член 23**

Собранието на ФОРУМ ЗА РАЗУМНИ ПОЛИТИКИ одлучува со двотретинско мнозинство за:
- измена и дополнување на статут;
- за престанок или спојување на организацијата со друго здружение; и
- за промена на целта на здружувањето.

**Б) Извршен одбор**

**Член 24**

Собранието ги бира членовите на Извршниот одбор.
Извршниот одбор се состои од 5 члена.
Членовите на Извршниот одбор се избираат за период од 2 години со можност за повторен реизбор.
Претседателот на Здружението по функција е член на Извршниот одбор и негов Претседавач.

**Член 25**

Извршниот одбор или негов член можат да бидат отповикани и разрешени од функцијата и пред истекот на периодот за кој се избрани по одлука на Собранието и тоа:
1.по сопствено барање на членот;
2.доколку бидат констатирани недоследности во извршувањето на поставените обврски и задачи, непридржувањето кон Одлуките на Собранието и овој Статут.

**Член 26**

Извршниот одбор работи на седници.
Со седниците претседава Претседателот на Здружението.
Одлуката е донесена ако за неа се изјасниле повеќе од половина од членовите на одборот.
Извршниот одбор може да ги донесува одлуките и по електронски пат.

**Член 27**

Права и обврски на Извршниот одбор се:

1. Ги спроведува статутарните и програмските определби на здружението.
2. Раководи со дејноста на здружението.
3. Подготвува предлози за работата на Собранието, ги свикува седниците и ги извршува одлуките и заклучоците на Собранието и ја спроведува политиката на здружението.
4. Раководи и се грижи за целосно тековно работење на здружението;
5. Дава упатства и инструкции за работата на Претседателот на здружението;
6. Предлага финансиски план и завршна сметка на здружението;
7. Еднаш годишно поднесува извештај за својата работа пред Собранието;
8.Одлучува по конкретни барања за прием на членство во здружението, врз основа на заземени ставови и согледувања за секое барање поединечно, а во интерес на остварување на програмските цели на здружението:
9. Одлучува во прв степен по барања од членовите и по приговори во втор степен, како преиспитување на своја претходно донесена одлука;
10. Ги подготвува и спроведува изборите три месеца пред истекот на мандатот или во рок од три месеца по разрешувањето на Претседателот или на целиот Извршен одбор.
11. Формира комисии и работни тела за извршувањето на работите од својата надлежност.
12. Врши надзор врз работата на Претседателот на здружението;
13. Донесува годишен план и програма за работа;
14. Врши други работи кои со овој Статут не се оставени во надлежност на Собранието или на Претседателот на Здружението;
15. Може да формира стручна служба и да врши контрола врз нејзината работа
16 Управува и одговара за управувањето на имотот на здружението.
17. За својата работа Извршниот одбор е одговорен пред Собранието.

**В) Претседател**

**Член 28**

Претседателот на Форумот за разумни политики:
- Го застапува здружението пред трети лица
- потпишува договори во име на здружението
- потписник е на сметката на здружението
- ја потпишува завршната сметка на здружението
- ги реализира внатрешните политики на здружението
- врши други работи утврдени со статутот и деловникот за работа на Извршниот одбор, по претходно известување и одобрување на извршниот одбор
- Претседателот за својата работа му поднесува извештај на Извршниот одбор, два пати годишно.

Претседателот го избира Собранието со мандат од 2 (две) години, истиот по истекот на неговиот мандат има право на повторен реизбор.

Доколку природата на работата не трпи одлагање, претседателот е должен да постапи во интерес на здружението, а за своето дејствување да ги извести Извршниот одбор на наредната седница.

**Член 29**

Претседателот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот:

- по негово барање или
- со одлука на Собранието, а по предлог на Извршниот одбор, поради констатирани недоследности во извршувањето на поставените задачи или непридржување кон одредбите на овој Статут,
- како и поради други причини кои го прават недостоен да биде Претседател на здружението;

Разрешување или оставка на Претседателот не повлекува разрешување на Извршниот одбор.

**Г) Надзорен одбор**

**Член 30**

Надзорниот одбор е колективен орган составен од три члена со мандат од 4 години со право на реизбор.
Собранието ги избира и разрешува членовите на Надзорниот одбор. За својата работа надзорниот одбор одговара пред Собранието; Надзорниот одбор работи самостојно и по налог на Собранието, а особено:
-врши надзор над исправноста на изборите во здружението.
-врши увид во материјално-финансиското работење и ревизија на тековното работење.
-врши надзор на исполнувањето на правата и обврските на членовите во однос на статутот и актите на здружението.

Член на надзорниот одбор може да биде разрешен и пред рокот за кој е именуван под услов и на начин предвиден во одредбите на чл.25 од овој Статут, а кои се однесуваат на Извршниот одбор.

## ПРОГРАМСКИ СОВЕТ

### Член 31

Здружението може да формира програмски совет од еминентни научно-културни работници и експерти во одредени области.
Во Програмскиот совет можат да учествуваат и лица кои не се членови на здружението со обврска да ги почитуваат принципите, начелата и целите на здружението.
Програмскиот совет се конституира и состанува по потреба, по наоѓање, покана и предлог од Извршниот одбор.
Програмскиот совет дава предлози и мислења во врска со конкретни прашања и проблеми од предложената тематска област.
Член на програмски совет може да биде ангажиран да партиципира во советувања,
Семинари и проекти, вршење на рецензии и друго.

## СОВЕТОДАВЕН ОДБОР

### Член 32

Здружението може да формира и Советодавен Одбор. Во Советодавниот одбор можат да учествуваат и лица кои не се членови на здружението со обврска да ги почитуваат принципите, начелата и целите на здружението.
Советодавниот одбор се конституира и состанува по потреба, по наоѓање, покана и предлог од Извршниот одбор.
Советодавниот одбор дава предлози, мислења и генерални насоки во врска со долгорочната стратегија на здружението и идните генерални програмски определби.
Член на Советодавниот одбор може да биде ангажиран да партиципира во советувања, семинари и проекти, вршење на рецензии и друго.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 33

Овој Статут може да биде изменет на начин на кој е и донесен, по иницијатива на Претседателот на Здружението, Извршниот одбор или пак по предлог од најмалку еден повеќе од половината од вкупниот број на членови на Собранието. Иницијативата, односно предлогот треба да содржат аргументирано образложение. Еднаш неприфатена иницијатива односно предлог не може повторно да се истакне пред истекот на шест месеци од денот на одбивањето на предлогот.

**Член 34**

Предлог Статутот како и предлогот за негови измени и дополненија се става на јавна расправа најмалку 7 дена пред седницата на Собранието на која ќе бидат разгледувани. Истите се усвојуваат согласно чл.23 од овој Статут.

**Член 35**

Статутот влегува во сила веднаш со денот на неговото донесување.

Сите акти на Здружението треба да се во согласност со овој Статут.

**Член 36**

За престанок на здружението одлучува Собранието со двотретинско мнозинство на гласови.

**Член 37**

Сé што не е предвидено со одредбите на Статутот, а е во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации, како и Уставот на РМ, е составен дел на овој Статут.

**Член 38**

По престанокот на здружението, намирувањето на обврските и бришењето од регистарот на Здруженија на граѓани имотот на здружението ќе припадне на Домот за деца без родители во Скопје.

**Здружение ФОРУМ ЗА РАЗУМНИ ПОЛИТИКИ**
**Претседател**

**Гордан Георгиев**